ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 08 – 132/8

Дата: 29.11.2010

**ДО**
**КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи - сметка за редовно работење за 2009 година.
Не е извршена ревизија за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.
Изразено е мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи.
Изразено е мислење со резерва во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Функционирањето на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи е битно променето во 2000 година, кога добива статус на самостоен орган на државна управа. Оттогаш Комисијата има стручна служба од 10 вработени, но нема членови, надворешни претставници и не одржува седници. Ревизијата смета дека поранешниот статус на Комисијата е поцелисходен за надминување на проблемите со кои се соочуваат верските заедници.
Извршени се трансфери во износ од 1,622 илјади денари, или 20% од вкупниот буџет на Комисијата, по основ на барања од верските заедници. Ревизијата смета дека воспоставената пракса да се доделуваат средства на верските заедници по барање, а не по утврдени програми и пишани критериуми, не овозможува правилно планирање и правична распределба на средствата.

---

**Ревизорски тим:** **Овластен државен ревизор**

*1.*___________________________ _________ ________________

*2.*___________________________

Не е донесено решение за определување на правото на користење службени мобилни телефони, а во Одлуката на Владата на Република Македонија за определување на правото на користење службени мобилни телефони, не е прецизирано ограничувањето за користење службени мобилни телефони за функционери именувани од Владата, поради што износите за овие лица се смета дека соодветствуваат на повисоки функции (министри, заменици министри).

Од страна на одговорното лице на Комисијата добиени се забелешки на точките 4.1.1. и 4.1.3. од Нацрт извештајот, при што забелешките на точката 4.1.1. не се прифаќаат, додека забелешките на точката 4.1.3. според содржината претставуваат известување за преземени мерки во текот на 2010 година.

**1. Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 9 до 11 заедно со ревизија на усогласеност на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи - сметка за редовно работење кои се состојат од Билансот на приходи и расходи и Билансот на состојба за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи и не е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со законите и прописите за годините кои и претходат на годината предмет на ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

› М-р Звонко Муцунски, директор на Комисијата до 11 мај 2009 година,
› М-р Валентина Божиновска, директор на Комисијата од 11 мај 2009 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека

активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот.

Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални

погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извешти. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1 погоре е планирана и извршена во периодот од 09/07/2010 до 22/07/2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Комисијата – предмет на ревизија.
На ден 16.11.2010 и 18.11.2010 година добиени се забелешки од одговорното лице на точките 4.1.1. и 4.1.3. од Нацрт извештајот на овластениот ревизор, број 03 – 65/5 од 11.11.2010 и 03 – 65/6 од 17.11.2010 година, при што ревизијата не ги прифати забелешките на точката 4.1.1, додека забелешките на точката 4.1.3. според содржината претставуваат известување за преземени мерки во текот на 2010 година.

## 4.1. Користење на средствата согласно законските прописи

4.1.1. Во текот на 2009 година во Комисијата за односи со верските заедници, спроведена е набавка за подготовка и печатење на книга Македонија и Македонците во Библијата. Ревизијата констатира дека набавката не е целосно спроведена во согласност со Законот за јавни набавки. Неправилностите во спроведување на постапката се однесуваат на следното:

- Одговорното лице донело Решение за потреба од набавка во кое не е наведена количината на набавката ниту износ и извор на средствата потребни за реализација на договорот (член 28 став 2);
- Комисијата за јавни набавки не изработила поедноставена тендерска документација со технички спецификации на предметот на договорот за јавна набавка и информации за начинот на подготовка и рокот за поднесување на понудите. (член 101, став 1);

- Не е документирано барањето за доставување на понуди со кое Комисијата за јавни набавки се обратила до економските оператори (член 100 став 3 );
- Избраниот понудувач не доставил изјава, ниту документи за потврдување на неговата способност (член 102);
- Комисијата за односи со верските заедници не склучила договор за јавна набавка со избраниот понудувач, а останатите кандидати односно понудувачи не ги известила за одлуката за избор на најповолна понуда. (член 165 став 1)
- Износот во примената фактура од 320 илјади денари е за 100 илјади денари повисок од износот во избраната понуда и се однесува на услуги со различен обем и природа од услугата за која е спроведена постапката. Пречекорениот износ во најголем дел се однесува на печатење на 200 алманаси и 300 верски карти.

Наведената набавка е спроведена во услови на намалена транспарентност, нецелосно дефинирани услови и критериуми што придонело да се изврши набавка на услуги кои не биле предмет на набавката.

**Препорака:**
Со цел да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки, одговорното лице и лицата задолжени за спроведување на јавните набавки да ги применуваат одредбите од законот во сите фази, од донесување одлука за набавка до реализација на истата.

4.1.2. Со увид во документацијата ревизијата констатира дека се извршени трансфери во износ од 1,622 илјади денари, кои учествуваат со 20% од вкупниот буџет на Комисијата, по основ на барања од верските заедници. Поголем дел од средствата, во износ од 1,360 илјади денари, или 85%, се исплатени за авионски карти и патни трошоци, на епархиите за чествување на значајни настани и јубилеи. Останатите средства што опфаќаат околу 15% од вкупните трансфери се однесуваат за друг вид на финансиска помош.

Ревизијата констатира дека Комисијата, нема јасна законска обврска да трансферира средства. Имено, со законската регулатива[1] дефинирано е дека државата има обврска да воспостави однос на постојан дијалог и да развива облици на постојана соработка, како и да создава услови за непречено извршување на активностите на црквата, верската заедница и религиозната група. Приходите на црквата, верската заедница и религиозната група се од сопствено финансирање, приватна филантропија, донации и други форми

[1] Законот за органите на управа и Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група

на финансирање, а верските заедници немаат законска обврска да изготвуваат програма за работа и да ја доставуваат до Комисијата, како основа за барање на средствата. Ревизијата смета дека воспоставената пракса да се доделуваат средства на верските заедници по барање, а не по утврдени програми и пишани критериуми, не овозможува правилно планирање и правична распределба на средствата.

**Препорака:**

Да се постапува согласно Законот за Буџетите, односно буџетските средства да се користат за утврдени намени претставени преку програми и потпрограми.

4.1.3. Со увид во Билансот на приходи и расходи, се констатира дека за користење на службени мобилни телефони потрошени се 86 илјади денари. Ревизијата не се увери дали потрошените средства се во рамки на лимитите утврдени од Владата на Република Македонија, поради тоа што одговорното лице на Комисијата не донело Решение за користење на службените мобилни телефони. Исто така, ревизијата смета за потребно да укаже дека во Одлуката на Владата на Република Македонија за определување на правото на користење службени мобилни телефони и за ограничувањата за истите не е прецизирано ограничувањето за користење службени мобилни телефони за функционери именувани од Владата, поради што износите за овие лица се смета дека соодветствуваат на повисоки функции (министри, заменици министри).

**Препорака:**

Одговорното лице да донесе решение за определување на правото на користење службени мобилни телефони.

Владата на Република Македонија, со Одлуката за определување на правото на користење службени мобилни телефони да ги опфати сите функционери која истата ги именува.

## 5. Ревизорско мислење:

Според наше мислење, финансиските извештаи вистинито и објективно ја претставуваат, финансиската состојба и резултатот од финансиските активности и парични текови на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи на ден 31 декември 2009 година, во сите материјални аспекти, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

## 6. Системска слабост

Функционирањето на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи[2] е битно променето во 2000 година, кога добива статус на самостоен орган на државна управа. Оттогаш Комисијата има стручна служба од 10 вработени, но нема членови, надворешни претставници и не одржува седници. Имајќи ги предвид обврските кои државата треба да ги исполни кон верските заедници и религиозни групи преку Комисијата за односи со истите, ревизијата смета дека треба да се подигне улогата на Комисијата на повисоко ниво, користејќи ги искуствата од другите држави.

**Препорака:**
Собранието на Република Македонија како за останатите државни комисии[3] така и за оваа Комисија, да избира членови, претставници на локалните самоуправи, и на соодветните јавни установи, кои со своето професионално, работно и животно искуство ќе донесуваат одлуки и решенија за воспоставување однос на постојан дијалог, соработка, како и услови за непречено извршување на активностите на верските заедници и религиозни групи.

Скопје, 25/11/2010 година

[2] Корените на постоењето и работењето на Комисијата датираат од 1943 година со формирање на верското повереноство на Главниот Штаб на НОВ и ПОМ и одржување на Првото свештеничко собрание во Издеглавје. Понатаму, од ослободувањето до 1959 година, работи како Комисија за верски прашања при Извршниот Совет на НРМ, а од 1959 како Републичка верска комисија, со свои претставници во тогашната Сојузна комисија за верски прашања.

[3] Државна изборна комисија, Државна Комисија за заштита на конкуренцијата, Државна комисија за жалби по јавни набавки, Државна комисија за спречување на корупција, Комисија за хартии од вредност.

**Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи**

**Средства од буџетот на РМ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | во 000 ден. |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 7,845 | 7,597 |
| **Вкупно приходи** | **7,845** | **7,597** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 5,144 | 4,339 |
| Стоки и услуги | 931 | 990 |
| Субвенции и трансфери | 1,622 | 2,100 |
| **Вкупно тековни расходи** | **7,697** | **7,429** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 148 | 168 |
| **Вкупно капитални расходи** | **148** | **168** |
| **Вкупно расходи** | **7,845** | **7,597** |

**Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи**

**Средства од буџетот на РМ**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | **во 000 ден.** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања од вработените | 31 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 1,356 | 412 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,387** | **412** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 285 | 182 |
| **Вкупно постојани средства** | **285** | **182** |
| **Вкупна актива** | **1,672** | **594** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 923 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 433 | 412 |
| Пасивни временски разграничувања | 31 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,387** | **412** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 285 | 182 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **285** | **182** |
| **Вкупна пасива** | **1,672** | **594** |

**Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи**
**Средства од буџетот на РМ**

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009година** | 182 | 182 |
| **Зголемување по основ на:** | **148** | **148** |
| Набавки | 148 | **148** |
| **Намалување по основ на:** | **(45)** | **(45)** |
| Отпис на капитални средства | | - |
| Амортизација | (45) | **(45)** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **285** | **285** |

.

Република Македонија

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

[redacted]

**ДО**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Ул.Македонија 12/3**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**

16. 11. 2010
08 - 132/6

Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
Бр. 03 - 65/5
11. 11. 2010 год.

Зграда на МТВ, спрат 18
Бул.Гоце Делчев 66
1000 Скопје, Р Македонија

Тел. (02) 3226-777
3225-032
Факс: (02) 3226-353
Сајт: www.kovz.mk

**Предмет:** ***Достава на Забелешки по Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година***

Во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи извршена беше ревизија во пperiодот од 09/07/2010 до 22/07.2010 год. од тим на Државниот завод за ревизија.

По извршената ревизија до КОмисијата за односи со веерските заедници и религиозни групи беше доставен на 12.10.2010 год. Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 ггодина, по кој ги доставуваме следните

## ***ЗАБЕЛЕШКИ***

Во точка 4.1.1 (страна 4 и 5) во Нацрт извештајот се забележува дека во текот на 2009 год. спроведена е набавка за подготовка и печатење на книга Македонија и македонците во Библијата, која набавка не е целосно спроведена во согласност со Законот за јавни набавки.

Кога се вршела ревизијата **на самостоениот ревизор му било <u>предочено</u>** дека фактурата број 79/09 од 10.12.2009 год. од Менора на износ од 320.000,оо денари за подготовка и печатење на:

Македонија и македонците во Библијата на македонски јазик и на англиски јазик

Алманах

Верска карта

**била во неизмирени обврски и книжена на конто 198158 и 220000133**

***Доказ:Налог за книжење број 133 од 31.12.2009 год.***

Во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи иако се започнала постапка за набавка од мала вредност, **таа постапка со Одлука број 03-573/1 од 15.12.2009 год. се поништила и се сторнирала фактурата број 79/09 од 10.12.2009 год. на МЕНОРА.**

***Доказ: Одлука број 03-573/1 од 15.12.2009 год.***

[redacted]

На овие докази недоволно им е посветено внимание во текот на вршената ревизија па оттука и констатираниот наод дека набавката не е целосно спроведена во согласност со Законот за јавни набавки.

Појаснуваме, исто така иако Верската карта е влезена во фактурата број 79/09 од 10.12.2009 год. таа до денеска се уште не е направена, ниту реализиран проектот.

Поради горе споменатите аргументи и докази, и се сторнира фактурата број 79/09 од 10.12.2009 год.

Во точка 4.1.3 (страна 6) се забележува дека ревизијата не се уверила дали потрошените средства се во рамките на лимитите утврдени од Владата на Република Македонија.

Комисијата има донесено **три Одлуки** согласно Антикризните мерки и Ребалансот на буџетот, како и во врска со точка 2 и 4 од Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката ("Службен весник на Република Македонија" број 15/03, 121/06, 158/07, 64/09, 119/09 и 81/10

- *Одлука за определување на право на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката број 03-2/1 од 04.01.2010 год.*
- *Одлука за определување на право на користење на слушбен мобилен телефон и за дозволено прекорачување на износот на сметката број 03-2/2 од 04.01.2010 год и.*
- *Одлука за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката број 03-245/2 од 01.07.2010 год..*
-

Искрено се надеваме дека ќе бидат земени во предвид наведените забелешки и доказите приложени кон Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 год. и стиот ќе биде корегиран во точка 4.1.1 и и точка 4.1.3.

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи смета дека и покрај забелешките кои Ви ги дава, ревизијата која беше извршена во периодот од 09/07/2010 до 22/07/2010 е коректно извршена, тимот кој работеше професионално си ја вршеше работата и објективно ги оцени состојбите, освен во делот на дадените забелешки.

Со почит.

**Директор**
***м-р Валентина Божиновска***

Република Македонија

***Прилог:***

1.писмо со предмет Нацрт извештај од 12.10.2010 год.

2.Фактура број 79/09 од 10.12.2009 год.

3.Налог за книжење број 133 од 31.12.2009 год.

4. Одлука за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка и сторнирање на фактура број 03-573/1 од 15.12.2009 год.

5. Одлука за определување на право на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката број 03-2/1 од 04.01.2010 год.

6. Одлука за определување на право на користење на службен мобилен телефон и за дозволено прекорачување на износот на сметката број 03-2/2 од 04.01.2010 год.

7. Одлука за определување на право на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката број 03-245/2 од 01.07.2010 год.

:

ПРИЛОГ БРОЈ 2

# ОДГОВОР

**на забелешки на констатациите од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година кај Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи**

Од страна на директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, под број 03 – 65/5 од 11.11.2010 и 03 – 65/6 од 17.11.2010 година, а заверени во Државниот завод за ревизија под број 08-132/6 од 16.11.2010 и 08-132/7 од 18.11.2010 година.

Забелешките се однесуваат на точките 4.1.1. и 4.1.3. од Нацрт извештајот за извршената ревизија, при што забелешките на точката 4.1.1. не се прифаќаат, додека забелешките на точката 4.1.3. според содржината претставуваат известување за преземените мерки по основ на дадената препорака.

Забелешките на точката 4.1.1. се однесуваат на набавката за подготовка и печатење на книга Македонија и Македонците во Библијата. Според ревизијата оваа набавка не е спроведена согласно одредбите од Законот за јавни набавки заради одделни пропусти:

- Решението за набавка не содржи: количина на набавката, износ и извор на средствата, согласно член 28, став 2;
- Комисијата не изработила поедноставена тендерска документација со технички спецификации и информации за начинот на подготовка и рокот за поднесување на понудите, согласно член 101, став 1;
- Избраниот понудувач не доставил изјава, ниту документи за потврдување на неговата способност, согласно член 102;
- Не е склучен договор со избраниот понудувач, согласно член 165, став 1, ниту се известени останатите понудувачи за одлуката за избраниот економски оператор;
- Несовпаѓање на износот, обемот и природата на услугата наведени во добиената фактура од избраниот понудувач во однос на избраната понуда.

Во забелешките е укажано дека:

- Примената фактура од избраниот понудувач заклучно со денот на ревизијата е евидентирана како неизмирена обврска;

- Предметната постапка за набавка е поништена со Одлука број 03 – 573/1 од 15.12.2009 година и сторнирана е фактурата од Менора, избраниот понудувач;

Забелешките на точката 4.1.1. не се прифаќаат заради тоа што Одлуката број 03 – 573/1 од 15.12.2009 година за поништување на постапката за набавка, која не беше презентирана за време на ревизијата, туку е дополнително доставена со забелешките, не се совпаѓа со состојбата, од причина што за време на ревизијата, е презентирана отпечатената книга Македонија и Македонците во Библијата.

Забелешките на точката 4.1.3. се однесуваат на констатацијата дека одговорното лице на Комисијата нема донесено решение за користење на службените мобилни телефони заради лимитирање на овој вид трошоци. Со забелешките се доставени одлуки за определување на правото на користење на службените мобилни телефони и за ограничување на износите на сметките.